# Press release

Штедилница ФУЛМ со седиште во Скопје, денес по повод новогодишните празници, со големо задоволство ги израдува своите дечиња штедачи во младинскиот клуб за штедење Штедилница ФУЛМ организира новогодишна претстава за најмладите штедачи. На новогодишната претстава присуствуваа 150 дечиња од цела Македонија кои се членови на младинскиот клуб за штедење на Штедилница ФУЛМ. Народот на Америка преку Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави (УСАИД) го потпомогнаа основањето на кредитната унија, која сега има шест филијали, повеќе од 5.000 членови и депозити во македонски денари чија вредност изнесува преку 1.8 милиони американски долари.

На новогодишната забава која се одржа во Културно Информативниот Центар Салон 19 19, се одигра претставата "Дедо Мраз и Врче" во изведба на млади македонски актери. По завршувањето на претставата се доделија новогодишни пакетчиња за сите дечиња присутни на забавата.

ИНФОРМАЦИИ ЗА РЕДАКЦИИТЕ:

Граѓаните на Соединетите Американски Држави преку УСАИД инвестираа преку 400 милиони американски долари (400 милиони $) во Македонија од почетокот на 1993 година. Повеќе од 30 проекти вредни 35 милиони американски долари годишно се имплементиераат во нашава држава. Овие проекти се дизајнирани да го поддржат процесот на транзиција во Македонија, формирање на слободен пазар и мулти-етничка демократија. Проектите содржат иницијативи за забрзување на економскиот раст, развој на демократските институции, како и едукација на граѓаните на Македонија по прашања за современата економија. Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Амрикански Држави (УСАИД) обезбедува економска и хуманитарна помош во повеќе од 100 држави во светот. За повеќе информации посетете ја следната веб-страница: www.USAID.org.mk

Светскиот совет на кредитни унии, Инц. (ВОКУ) како дел од програмата наречена "Луѓе за Луѓе" (People to People - PTP) го инициараше партнерството помеѓу Лигата на кредитни унии на Мичиген (САД) и Штедилницата ФУЛМ. Програмата "Луѓе за луѓе" ќе обезбедува континуирана поддршка на Штедилницата ФУЛМ преку Лигата на кредитни унии на Мичиген и тоа на полето на обезбедување техничка помош, советување, едукација и обука.